Врз основа на член 21 и 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), Друштвото за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец со седиште на ул.4, бр.100 Ржаничино го објавува следното:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известува јавноста дека Друштвото за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец на ден 08.06.2017 година достави Барање до Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со Еуродизел БС заведено под архивски број УП1 бр.11-63/16.

**Име односно назив на Барателот:**

Друштво за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец со седиште на ул. 4, бр. 100 Ржаничино.

**Вид на енергетска дејност**:

Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, Еуросупер 95 и Еуросупер 98.

**Подрачје на кое ќе се врши дејноста:**

Енергетската дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, Друштвото за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец ќе ја врши во Република Македонија.

**Опис на начинот ,објектите и средствата за вршење на дејноста:**

Друштвото за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец Скопје, со седиште на ул. 4, бр. 100 Ржаничино, Република Македонија, приемот и испораката на нафтените деривати Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95 и Еуросупер БС 98, ќе ја врши преку складиште за нафтени деривати на КП 6 дел 2 имотен лист број 1196 на место викано Ржаничино, Петровец со површина од 2500м3 кое Друштвото за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ го има под Договор за закуп бр.0307/14 и анекс на договор за закуп бр. 0307/26 од Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје.

**Времетраење на лиценцата:**

Времетраење на лиценцата е од 10 (десет) години.

**Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт:**

Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да достават до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, предлози, мислења и сугестии во врска со Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС во рок од 5 (пет) дена , од објавувањето на ова ИЗВЕСТУВАЊЕ.

**Адреса на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, ул. Македонија бр.25, Палата Лазар Поп Трајков , 6–ти кат, 1000 Скопје, Република Македонија.**

**ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ**